www.diabetes.mk; szdm.mk@gmail.com

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ДИЈАБЕТИЧАРИ НА СЕВРЕНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА*

## *„Што не  сторивме против Дијабетесот?"*

## *Пристап до грижа за дијабетесот – ако не сега, кога?*

**Скопје, Февруари 2022 год.**

www.diabetes.mk; szdm.mk@gmail.com

**Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија - СЗДСМ** како национална организација која ги застапува правата, интересите, проблемите и обврските на околу 180.000 лица со дијабетес на возраст од 20-79 години, според податоците од Интернационалната Дијабетес Федерација (IDF) од 2019 година преваленцата за дијабетес во Македонија е повисока од светскиот просек и изнесува 11.2% затоа што секој 9-ти возрасен човек има дијабетес, притоа не занемарувајќи го фактот дека бројките и предвидувањата за националните состојби за дијабетесот не се нималку розови. Затоа апострофираме дека ние како земја или подрачје со висока преваленца, влегуваме во групата на држави со висока преваленца. Во тој контекст прашањето односно мотото : ***Пристап до грижа за дијабетесот – ако не сега, кога?*** изгледа сосема логично.

Сојузот е структура на слободно и независно здружени и организирани во 25 здруженија на граѓани во 23 општини, учејќи нови лекции на вонредна состојба и соочени со непознат непријател кој коси животи COVID 19, каде се мобилизиравме согласно можностите, со што дадовме поддршка на над 800 членови на здруженијата, на секое семејство, ги адресиравме до надлежните ги застапува барањата на лицата со дијабетес, за хумано и надежно продолжување и прилагодено живеење во новата реалност. Ние повторно можеме да се пофалиме со квалитет на инсулинскиот избор којшто воопшто не заостанува од она што е врвен европски и светски стандард и понуда. Нешто што е неспоредливо со периодот на таканаречениот “паралелен увоз“ на инсулини надвор од сите елементарни критериуми и мерила, кога нашите гликемии не беа исти, кога нашите компликации беа чести, а последиците тешки како по државата и нејзиниот буџет, така и по луѓето. Постигнатите успешни исчекори, одлепувањето од европското дно во овој домен, колку што беше институционален успех во иста мера беше успех и на сите наши пациентски здруженија обединети во намерата да ги промениме состојбите на подобро. Но и уште повеќе од тоа: станува збор за желба да креираме концепт којшто ќе овозможи натамошно подобрување на сите сегменти клучни во борбата против дијабетесот и ефикасното справување со него. Убедени сме дека сите разбравме дека меѓусебната комуникација и транспарентност, соработката и солидарноста, која патем речено е препознатлив белег и симбол на сите нас обединети пациентските здруженија, се есенцијалните полуги кои што можат да изнајдат идеи, проекти, добри резултати.

Очекуваме во континуитетот обезбедување на современата антидијабетична терапија, но и на се она што претставува научно-медицински новитет и дострел во третманот на дијабетесот почнувајќи со системите за континуирано следење на гликемијата, па до разните други техничко-медицински помагала, со тенденција за нивна уште поширока достапност за поголем број на пациенти. Примерот и искуството на земјите во Европа и секако во нашето блиско опкружување зборуваат дека отворен пазар можеби е решение кое е поповолно и за пациентите и за здравствените власти особено во контекст на претходните дури стресни искуства од аспект на пациенти – на тендери кои се организираат секоја година или на две години. **Да си поставиме цел заедно: сериозно да размислиме за оваа можност - отворен пазар**, со дополнителна илустрација за лентите, ланцетите и апаратите за глукозен мониторинг да се обезбедуваат по принцип на референтна цена.

www.diabetes.mk; szdm.mk@gmail.com

Имплементацијата на ваков принцип на достапност до медицински помагала би значело право на избор за нас. Згора на тоа, факт е дека добриот менаџмент на дијабетесот не значи само современа терапија и современи медицински помагала. Неопходно е да бидеме и подобро едуцирани како пациенти, како институции, како јавност, за дијабетесот и сите аспекти од животот со него.

Едукацијата и информирањето е дефинитивно поле на кое мора и треба да работиме. Затоа СЗДСМ и се реформираше, ја гради новата внатрешна институционална структура која за основа ја има демократијата, но над се животот на лицата со дијабетес, унапредување на квалитетот на живот на лицата со дијабатес и нивните семејства. Примарна целна група се децата и адолесцентите потоа старите и возрасни лица со комобордитети и нивните потреби. Земајќи предвид дека значителен дел од населението има ризик фактори за дијабетес, овој тренд се очекува да расте во иднина, доколку итно не се преземат соодветни мерки. Справувањето со дијабетесот е доживотен процес кој може соодветно да се контролира и да се обезбеди долг и квалитетен живот за лицата со дијабетес. Од друга страна, постојната состојба на несоодветната контрола на пациентите со дијабетес, води кон тешки компликации, кои претставуваат голем здравствен, социјален и економски проблем. Имајќи ја предвид преваленцата на дијабетесот, импликациите од социјалниот и економски карактер може да бидат поразителни.

***Мисија:***

СЗДСМ е граѓанска организација чија мисија е подобрување на квалитетот на животот на лицата со дијабетес преку залагање за поквалитетен здравствен сервис за истите, едукација на нивните семејства и подигање на свеста кај граѓаните за дијабетесот, во соработка со сите стратешки партнери и надлежни институции во Македонија.

***Визија:***

СЗДСМ е водечка организација која ги застапува и претставува интересите на здруженијата на лицата со дијабетес. Организцијата влијае врз подобрување на легислативата, здравствените и општествено-социјалните стандарди на истите, како и за еднаков третман на лицата со дијабетес во Македонија.

www.diabetes.mk; szdm.mk@gmail.com

***Вредности:***

СЗДСМ преставува заедничко семејство, посветено изјавува дека нас ќе не водат следните вредности:

**Чесност:** реализација на нашите ветувања се приоритет број еден. Секогаш сме за вистината, ќе се придржуваме кон доверливоста и почитување на приватноста на другите.
**Сочувство:** Ние се однесуваме со емпатија и без предрасуди, почитувајќи ги маките на другите се водиме со нашата емпатија во акција.
**Интегритет**: одржување на високи стандарди на личното однесување и вградување на нашите вредности во нашата организациска политика, постапки и однесување.
**Солидарност:** се поддржуваме еден со друг во рамките на глобалната заедница од дијабетес.
**Креативност:** флексибилни, бараме иновативни и алтернативни идеи, подготвени да се соочиме со предизвикот на конвенционалната мудрост и да ги користиме совесно и полезно дадените можности .
**Културни вредности:** ги почитуваме културните вредности и ги признаваме човековите права на сите луѓе.
**Соработка:** Соработка е нашиот стил на работење. Го практикуваме отворениот дијалог и слободата на изразување.
**Прифаќање на ризик:** Ние сме смели, сите сме различни, си поставуваме амбициозни цели и го прифаќаме ризикот при заштита на нашата организација.
**Независност:** СЗДСМ е независен, независноста е наша определба, не сме и не може да бидеме заложници на која било друга организација, институција, претпријатие и партија.

**Истрајност и доследност:** Ние сме истрајни и доследни на нашите цели, во рамките на нашите можности ќе правиме сè за подобар живот на луѓето со дијабет. Како и да учиме од своите грешки.

www.diabetes.mk; szdm.mk@gmail.com

- ***СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА СЗДМ***
  - Подигнување на свеста кај граѓаните за дијабетесот;
  - Инкопорирање на Национална програма во Глобалната национална стратегија за незаразни болести;
  - Унапредување на едукацијата, мотивацијата и превенција од дијабетес и COVID 19;
  - Јакнење на капацитетите на здружнијата;
  - Институционално зајакнување на СЗДМ

- ***Цели на годишната програма за 2021 година:***
  - Едукација и превенција од дијабетес и COVID 19,
  - Кампања за подигнување на свесноста на матичните лекари за пополнување на регистарот за пациенти со дијабетес,
  - Дигитализација на дијабетесот во Македонија,
  - Одбележување на 20 години СЗДСМ и 100 години Инсулин,
  - Институционално зајакнување на здруженијата и сојузот.

- ***ЦЕЛНИ ГРУПИ***
  - 25 здруженија на лица со дијабетес и нивни асоцијации и неформални групи на граѓани
  - 185.000 лица со дијабетес од кои околу 44.000 инсулин зависни дијабетичари
  - Здравствените власти, медицински установи, организации и бизнис заедицата

***Застапување на лицата со дијабетес***

Во време на пандемијата, соочувајќи се со сериозните животни предизвици за справување со можностите за инфекција, односно заштита и превенција од корона вирусот, СЗДСМ заедно со своите 25 членки од 23 општини и градот Скопје, изврши мобилизација на членството, нудејќи им брзи информации, посочувајќи им извори за едукација како и директни совети и одговори на нивните барања. Ние сме пациенти кои најдобро знаат што значи првиот совет, првата подадена рака, првата утеха за соочување со Дијабетесот. Поради континуирано долгиот период од недостиг на Инсулини на 18 март 2021 на социјалните мрежи објавивме Коминике бр. (вонредно изнудено напишано) со текст: Покрај новиот бран на COVID 19, пишани реакции и протести изминативе 5 месеци, со сите предизвици за хронично болните, за Министерството за здравство имаме само едно прашање: КОГА ИНСУЛИН. На 13 мај 2021 година на редовната емисија на ТВ Сител „МАГАЗИН“ на тема Актуелните состјби со дијабетесот, во живо гостуваше Диме Велев, Претседател, покрај прашањата од новинарот, беа поставени телефонски прашања од гледачи во живо на емисијата. Во Здравниот дом во Свети Николе заедно со родителите на кои на 17.06.2021 год. им беше одземена инулинската терапија од страна на медицинска сестра во инсулиската аптека, и претседателот на Здружението на дијабетичари на Св.Николе, имавме средба со директорката д-р Славица Панева на која за овој инцидент се заседе став дека не смее да се повтори никаде и никогаш!. Терапијата мора да е достапна до секој пациент, особено до децата, секако терапијата која е пристигната во депото. Во Општата болница е поднесен Приговор - изјава од мајката Снежана Николова, по кој правната служба и дисциплинската комисија ќе постапува по приговорот.

www.diabetes.mk; szdm.mk@gmail.com

***Едукација на лицата со дијабетес***

Во секојдневното работење на СЗДСМ и членките, особено во ново настанатите околности на живеење и работа, се грижевме за едукацијата на лицата со дијабетес. Покрај овозможената континуирана телефонска консултација со лекарите специјалисти, за членството електронски на социјалните мрежи ги пренесувавме сите нови упатства, материјали и насоки за грижа и заштита. Во средината на годината снимавме и по социјалните мрежи дистрибуиравме видео пораки за лицата со дијабетес во време на КОВИД 19, на овие 9 видео пораки ендокринолозите тематски дадоа конктретни чекори и за лицата со дијабетес и нивните семејства. Работилница на ZOOM платформа на 11.03.2021 на тема: „Дијабетес, COVID 19 и Вакцина" со д-р Катерина Адамова од Универзитетска Клинка за ендокринологија, дијабетес и метаболични нарушувања, Скопје, учествуваа 80 лица. 13 јули 2021 год. во Хотел ЛЕДЕР Кочани се одржа Регионална работилница посветена на потребата од Национален план за справување со дијабетес и Национален регистер на лица со дијабетес, со кои ќе се овозможи акциски интегриран план за справување со Дијабетесот, дефиниран со точни бројки за јавното здравје како да се врши превенција и тенденција за развојот на состојбата кај лицата со дијабетес. Воедно се одржа СОВЕТУВАЊЕ ЗА МЕНАЏИРАЊЕ СО ХИПОГЛИКЕМИЈА со д-р. Спец. Катерина Адамова од Клиниката за ендокринологија, дијабетес и метаболни состојби во Скопје. На оваа работилница учествуваа 17 лица со дијабетес од Кочани и Пробиштип. На 17 јули 2021 година се одржа Регионална работилница СЕМЕЈСТВОТО И ДИЈАБЕТЕСОТ, на која модерираше др. ГАБРИЕЛА ГУЛЕВСКА спец. по семејна медицина. Разговаравме и за инкомпорирање на Националниот план за превенција од Дијабетес во Генералната стратегија за незаразни болести, почнувајќи со Регистер за лица со дијабетес, кој ќе се надгради од постојната евиденција за лицата со дијабетес. На оваа работилница учествуваа 30 учесници од Битола, Ресен, Крушево, Прилеп и Демир Хисар, а чест да ја отвори оваа работилнца имаше Градоначалничката на Општина Битола г-ѓа Наташа Петровска.

***СОРАБОТКА***

СЗДМ како граѓанска организација, своите активности ги реализираше на принцип на партнерска соработка со релевантни и засегнати страни. Соработката - вмрежувањето во најголем дел ќе се заснова на веќе воспоставените принципи на стратешки цели и намери со Националната комисија за дијабетес, Клиниката за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот. Воедно се посветивме и на соработката со јавниот здравствен сектор, компании и граѓански организации, Агенцијата за лекови и медицински средства. СЗДМ е посветен за континуирана соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, соодветни експерти од областа, како и експерти од фармакоекономија, медицинските професионалци, институции и општините. Здружението Дијабетес од Радовиш, Подареш и Конче го отпочна проектот со кој грижата за здрава животна средина, од медицински отпад - инсулински пенкала и игли, како и ленти и игли за мерење гликемија, станува реалност, оствaривме две работни средби со Градоначалникот на општина Радовиш г-дин Герасим Конзулов и со Директорката д-р Лимонка Илиевска на Здравниот дом на Радовиш, на средбите се разговараше за иницијативата на Здружението да се регулира одлагањето на опасниот отпад што лицата со дијабетис го создаваат при употребата на инсулинските пенкала. Предлогот предвидува отпадот да се собира и месечно да се одлага заедно со другиот медицински отпад во Здравните домови, со што би се почитувале правилата за одлагање и постапување со истиот. На 19 март 2021 година, делегација на СЗДСМ во состав Диме Велев претседател, Лидија

Дамјанова потпретседателка, Тони Митев претседател на Надзорен одбор и Марија Кожинкоска престедател на Здружението ,,ИСКРА,, Битола, оствари работна средба со г-дин Зоран Заев, Претседател на Владата на РСМ и др. Венко Филипче Министер за здравство. На средбата со Сојузот на здруженијата на дијабетичари, главни теми за дискусија беа новите политики и иновативни терапии, обезбедување на најквалитетен третман за пациентите со дијабетес, поктовителство на Претеседателот на Владата на РСМ за одбележување на 14 Ноември Светскиот ден на дијабетесот и 100 Години Инсулин, како и поддршка на Владата со деловна просторија за актовности на сојузот. Потоа на 26 март Работна средба со Вицепремиерот г-дин Фатмир Битиќи, посветени на развојните стратегии за превенција од Дијабетес. На работна средба со Градоначалничката на Општина БИТОЛА, изразивме благодарност за континуираната поддршка која општината ја дава на здруженијата на лица со дијабетес. Ги презентиравме целите и клучните активности за работа на Сојузот, како и презентација на следните активности на здруженијата во Битола. Градоначалничката Наташа Петровска ја потврди соработката и во иднина, особено логистичката како и вклучување во проекти со кои ќе се врши едукација и превенција на населението од дијабетес. Особен предизвик за Битола е намалување на бројот на новодијагностицирани лица со дијабетес со поддршка на докторите од јавното здравство како и семејните лекари. Исто значајно е во иднина, во редовната работа на општинската комисија за здравство да се вклучи здружението на лица со дијабетес. На 19 август 2021 се одржа Работна средба на Претседателот на Сојузот Диме Велев со Директорката на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Доц. Д-р Саша Јовановска Мишевска. На оваа средба беше потврдена соработката помеѓу за Сојузот - најважната институција и нас, потврдена е новата практика во членство на Управниот одбор на СЗДСМ да се вклучат еден доктор специјалист и една медицинска сестра, заради кредибилност и континуирана сорботка, како и да се потпише Меморандум за соработка помеѓу важните институции за дијабетесот. Во рамки на заложбите за доближување на потребите на лицата со дијабетес до локалните власти одржани беа средби и со градоначланиците на Крива Паланка Борјанчо Мицевски и на Штип д-р Сашко Николов, со кои беа дефинирани поддршки на локалните иницијативи и здруженија на лицата со дијабетес.
Проектот ПРОДОЛЖЕНА ГРИЖА ЗА МЕТАБОЛИЧКИ ПРОЦЕСИ ПРЕКУ МОДЕРНАТА ТЕХНОЛОГИЈА, финансиран од Европската унија преку IPA CBC програмата и државите учеснички, се реализира во Македонија и Република Грција, а се однесува на специјалистички прегледи, дијагностицирања за ризици од Дијабетес, висок Крвен притисок, Срцеви заболувања и Офтамотологија. 08.07.2021 Во ЈЗУ Општа болница Велес и на 17. 07.2021 год. во ЈЗУ Општа болница Битола, успешно е започната реализација на проект за проценка од ризик на кардиоваскуларни заболувања, пред се кај лица со ДИЈАБЕТЕС. Во рамки на овој проект беа опфатени 200 пациенти, новодијагностицирани лица со дијабетес и помал дел на активно заболени лица со дијабетес.
Искрено сме благодарни и на сите медиуми во државата кои целосно беа посветени, и покрај објавувањето на секоја информација и соопштение од СЗДСМ, изработија и свои новинарски прилози за подигнување на свеста за борбата со дијабетесот.

***14 Ноември – Светскиот ден на дијабетесот***

Во рамките на годишните програмски активностите, за 2021 година за одбележувањето на Светскиот ден на дијабетесот 14 Ноември, беа посветени на одбележување на два значајни јубилеи за лицата со дијабетес, 100 години Инсулин и 20 години СЗДСМ. Преку мотото: *„**Што не сторивме***

www.diabetes.mk; szdm.mk@gmail.com

***против Дијабетесот?“***. Во сите активности, за одбележување на овие јубилеи беа вклучени сите членки на сојузот, кои реализираа регионални активности согласно потребите на регионалните заедници на лицата со дијабетес. Соочувајќи се со сериозните животни предизвици за справување со можностите за инфекција, односно заштита и превенција од COVID 19, СЗДСМ заедно со своите 25 членки од 23 општини и градот Скопје, изврши мобилизација на членството, нудејќи им брзи информации, посочувајќи им извори за едукација како и директни совети и одговори на нивните барања. Ние сме пациенти кои најдобро знаат што значи првиот совет, првата подадена рака, првата утеха за соочување со Дијабетесот. Реализацијата на активностите беа во насока за остварување на годишните цели: *Инкорпорирање на Национална програма во Глобалната национална стратегија за незаразни болести, Медиумска кампања и Организирање на едукативни работилници, заокружување на процесот за најсовремен менаџмент на дијабетес со набавка на современи дигитални медицински помагала за континуирано мерење гликемија за сите лица со дијабетес, пред се системите за континуирано мерење на гликемија за 500 деца и адолесценти во државата, како и набавка на нова и иновативна терапија. Да се унапредат здравствените бенифиции за лицата со дијабетес.*

СЗДСМ ги спроведуваше овие теми, реализираше усогласени акции и активности, според потребите на членството, креирани согласно предлозите од сите чинители. Во периодот Ноември и Декември 2021 година ги реализиравме следните активности:

- Централниот настан за одбележување на овие јубилеи, СЗДСМ во соработка со Министерството за здравство на РСМ, беше ***Форум за одбележување на Светскиот ден на дијабетесот „Што не сторивме против Дијабетесот?“,*** кој се одржа на 12.11.2021 година, петок во хотел „Лимак“ Скопје, со учество на 70 претставници на здруженијата на лица со дијабетес, клиниката за еднокринологија и метаболни состојби и дијабетес од Скопје и Детската клиника во Скопје, партнерски граѓански организации, компании, медиуми, доктори и граѓани. На овој форум како воведна сесија свои официјални обраќања имаа Доц. Др. Венко Филипче, Министер за Здравство за **„Што направивме како здравствени власти за луѓето со дијабетес“,** Доц. Др. Саша Јовановска Мишевска, директор на ЈЗУ УК за ендокринологија дијабетес и болести на метаболизамот за **„Историјата почна пред 100 години, каде бевме и каде сме сега“** и Димче Велев, претседател на СЗДСМ говореше за **„Што треба да се направи за нас во блиска иднина“.** На овој настан се Потпиша ***Меморандум за соработка меѓу Министерство за здравство и СЗДСМ*** со генерална цел заедничко делување во рамки на Националниот план за справување со дијабетсот во РСМ 2020 – 2030 година. Во втората сесија на овој форум на панел дискусија ***“ Само заедно можеме и повеќе”*** панелисти беа Проф. Др. Зоран Гучев, ЈЗУ УК за детски болести и Нау.сор. Др. Ирфан Ахмети, претседател на Национална комисија за дијабетес, кои говореа за достигнувањата, научните факти на модерната медицина за превенцијата и менаџирањето со дијабетсот.

- На ден 12.11.2021 година, преставниците на СЗДСМ Диме Велев – претседател на СЗДСМ, Лидија Дамјанова – потпретседателка на СЗДСМ, Тони Митев – претседател на Надзорниот одбор и Наташа Деспотовска Димитреивска – претседателка на БАЛАНС МК, оствариja работна средба со Претседател на РСМ г-дин Стево Пендаровски. Претставниците на Сојузот на

здруженија на дијабетичари го информираа претседателот Пендаровски за досегашната работа и ги посочија предизвиците со кои се соочуваат. Тие го запознаа претседателот Пендаровски со приоритетите во нивната програма насочени кон реализација на Национална програма за дијабетес 2020 – 2030, воспоставување на функционален Национален регистер на лица со дијабетес и заокружување на процесот за најсовремен третман на дијабетес со набавка на современи дигитални медицински помагала,. Истакнаа дека во последните години имаат добра соработка со надлежните институции, како и со клиниките кои го третираат дијабетесот и компликациите од него. Честитајќи го 20 годишниот јубилеј од постоењето на Сојузот, Претседателот Пендаровски оддаде признание за нивните напори за подобрување на квалитетот на животот на лицата со дијабетес. Претседателот Пендаровски порача дека освен зголемување на свеста, неопходно е во нашата држава да се ангажираат сите потребни ресурси во справувањето со дијабетесот.

- На **12.11.2021 год**. - На градскиот плоштад во Гостивар се изврши ,,Мерење на шеќер на случајни поминувачи“, целта на овој настан беше превенција од дијабетес со навремено откривање на можна висока гликемија. Овој настан беше во организација на Здружението на дијабетичари на Гостивар во целосна соработка со Средното општинско медицинско училиште „Гостивар“ од Гостивар. На оваа акција беа извршени над 100 мерења гликемии од страна на учениците по медицина во училиштето, под менторство на нивните професори.

- На **13.11.2021 год**. - Изложба посветена на 100 години од откривањето и употребата на инсулинот - во просторот на “Мала Станица “ (во Скопје) со почеток во 18,00 часот се отвори изложба посветена на 100 години од откривањето и употребата на инсулинот во третманот на дијабетесот, при што покрај изложбената тематско-хронолошка поставка, беше промовиран и Whiteboard Animation Video-то - **“Живот со дијабетес во училишна доба”** едукативен видео материјал за менаџирање на дијаботот тип 1 кај децата од предучилишна и училишна возраст, а согласно агендата на настанот свои куси обраќања имаа претседателот на државата г-динот Стево Пендровски, министерот за здравство на РС Македонија г-дин Венко Филипче, раководителот на оддел за Ендокринилогија на ЈЗУ Детска Клиника Скопје Проф. д-р Зоран Гучев, претседателката на Баланс МК – Асоцијација за детски дијабетес на Македониија Наташа Деспотовска Димитриевска, претседателот на СЗДСМ Диме Велев, и Доц. д-р Зорица Наумовска од Факултетот за фармација од Скопје. На овој настан, генерален покровотел беше Претседателот на РС Македонија, г-динот Стево Пендаровски.

- На **15.11.2021 год**. **-„Кардио – васкуларни проблеми кај лицата со дијабетес“** - во регионот на Источен и Североисточен во Штип, – понеделник, во ресторан ВАГО во Штип, д-р. Спец Стојка Докузова, изврши едукација посветена на компликации со срце и васкуларни заболувања. На оваа работилница учествуваа 11 лица од Штип, Делчево и Куманово, кои по предавањето имаа можност да прашаат за проблеми со кардио васкуларните заболувања.

- На **20.11.2021 год.** во сала на Пионерскот дом во Гевгелија успешно реализирана едукативната работилница за Повардарски регион на тема **"Невропатски промени и дијабетес"** од предавачот - доктор Јован Узунов. Оваа работилница во организација на Здружението на

граѓани со дијабетес од Гевгелија, Богданци и Дојран, присутни беа 25 со дијабетес членови на здружението како и од Кавадарци и Струмица.

- На **22 ноември 2021 год**. -,,**За подготовка на акциски план за спречување на Ретинопатија кај лицата со Дијабетес, во услови на пандемија во пандемија COVID19**,, се одржа работната средба со Директорот на ЈЗУ Клиника за очни болести, Д-р. Христијан Дума, на која беше договорена конкретна соработка во делот за поголема едукација на лицата со дијабетес за ретинопатијата.

- На ден **28.11.2021 год.** во Универзитетската библиотека во Битола, пред 30 присутни членови на здружението и Татјана Јордева, секретар на СЗДСМ, Здружението на дијабетичари на Општина Битола, одржа дебата на темите за **,,100 години Инсулин и примената на новата терапија,,**. Свое излагање на овој настан на тема **„Историјатот на инсулинската терапија“** излагање имаше сци др. Димитар Китановски - дијабетолог од Ресен, додека за **„Примена на новата иновативна инсулинска терапија“** свое вовдено излагање имаше д - р сем. Мед. Габриела Гилевска.
Прилог за настанот
https://www.youtube.com/watch?app=desktop&v=haG6cCwab_E&feature=emb_logo&fbclid=IwAR25zMMDs88a24DjEcanFraoTpIJCW-prAM3ES5dJpC6Xf7kv7YN2Jl6gVk

- На **04.12.2021 год.**, се одржа работилница на тема **„Нефролошки предизивици кај Дијабетесот“** за лицата со дијабетес во Југозападен регион во Струга, на оваа работилница учествуваа преставници на здруженијата од Струга и Охрид, а едукацијата ја изврши д-р сци. Мира Костојчиновска, интернист – дијабетлог од Општата болница во Струга.

- На ден **04 декември 2021 год.** по покана од Директорката Др Весна Спирковска, се одржа работна средба со Диме Велев – Претседател на СЗДСМ, Душанка Атанасовска – претседателка на здружението во Битола, Билјана Солунчевска – член на Управен одбод на сојузот и Тони Митев. На оваа работна средба беше дадена поддршка за финална реализација на проект за нов простор за Дијабет центар со едукативен простор и инсулинска аптека, во ЈЗУ Здравствен дом "Хаин Абравнел" Битола. За околу 2.500 лица со дијабетес на инсулинска терапија, овој нов простор во услови на пандемијата COVID 19 ќе обезбеди гаранција за зачувување на нивното здравје.

- На **21 декември 2021 г**.Пред 20 претставници на БАЛАНС МК - Асоцијација за детски дијабетес на Македонија Здружение на дијабетичари на Град и Здружение на лица со дијабетес - Алегрија Скопје - (вторник), во Дом на култура „Кочо Рацин“ Скопје, се одржа работилница на Тема: **,,ОФТАЛМОЛОШКИ предизивици кај лицата со дијабетес“** На која предавачите д-р Стефан Пандилов и д-р Андријана Петрушевска од ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести, Скопје, презентираа за компликацијата во офтамотологијата кај лица со дијабетес, пред се Ретинопатија како најсериозен проблем.

- На **20.11.2021 год**. на националната ТВ Сонце, во редовната емисија „Ваш Термин“ д-р сци. Катерина Адамова- ендокринолог и Диме Велев претседател на СЗДМ имаа свои излагања и

одговарање на актуелни прашања за состојбата со дијабетисот, можностите со кои се соочуваме и предизвиците кои се пред нас.

Ваш Термин - **29. 11. 2021 год**.- Др.Катерина Адамова- ендокринолог и Диме Велев претседател на СЗДМ - YouTube

- На националната ТВ Канал 5, во Утринска програма - Здраво Македонијо **на 16 декември 2021 год.** на тема **„Дијабетес“** гостување имаше Диме Велев – Претседател на СЗДСМ.

  Комерцијална Презентација - Дијабетол Форте - YouTube

***СТРУКТУРА***

Заедничкиот влог во реализација на активностите, придонесе СЗДСМ да стане семејство на сите активни 25 здруженија на дијабетичари во 23 општини. СЗДСМ својот буџет го реализираше преку донации, спонзорства и партенерски односи со компании, граѓани, и најчесто во целосна соработка и координација со Националната комисија за дијабетес. Активноста и функционалноста на здруженијата во Сојузот, како и справувањето со слабостите во активностите, успешно го надминавме во активните здруженија на лица со дијабетес, а постојните ги зајакнавме со советување и насочување кон постигнување на заедничките стратешки цели, но со локалните специфики и потреби. Здружението "Шеќерче - Lollipop" Велес одржа Собрание на кое е избран нов Претседател Марјан Давчев, а Петре Давчев главен координатор, изборното собрание се одржа по примена на новиот Статут на СЗДСМ каде функциите на раководството на Сојузот се неспоиви со функциите на Претседател на здружение и претседател на СЗДСМ. На **21 август 2021 година**, семејството на Сојузот, од денес побогат со уште едно здружение на лица со дијабетес, **основано Здружение на лица со дијабетес "Гумење" Крушево**, за претседател е избран Ставрули Кондоски, на основачкото собрание поздравен говор имаше и Градоначалникот Томе Христоски. Додека на 5 јули 2021 година, Претседателот на СЗДСМ по иницијатива на околу 20тина лица со Дијабетес од град Скопје, донесоа одлука за основање на **Здружение на лица со дијабетес на Град Скопје**. Покрај одлуката за основање, усвоен е Статут и Генерална програма за работа на Здружението. Изберени се 9 члена на Управен одбор на Здружението, кој ќе го предводи избраната Претседателка Олгица Шекеринова. На **27 јуни 2021 год**. во Прилеп, се одржа Работилница за редовно годишно информирање, расправање, консултирање и креирање на насоки во врска со прашања од поголемо значење на Сојузот на здруженија на дијабетичари. На работилницата учествуваа 16 Претседатели на здруженијата - членки на сојузот, кои разговараа за: Научени лекции и препораки од COVID 19 - организациски пречки, предизвици, предности, новини во комуниакциите, начини на функциинирање. Правила и процедури кај донаторите за поддршка на здруженијата пациентски организации. Праезентација на Правилникот за регистрација на членство во СЗДСМ. Договор за организација на настани и активности до крајот на 2021 година (Регионални работилници, Форум ..). **ГЕНЕРАЛНА ПОТРЕБА** за лицата со дијабетес е конечно вклучување во Националниот план за справување со дијабетесот во Генералната стратегија за справување со незаразни болести, итно започнувајќи со востановување на **НАЦИОНАЛЕН РЕГИСТАР НА ЛИЦА СО ДИЈАБЕТЕС**! Посебен акцент оваа година, дадовме и на соработката со организации на пациенти, како и на други чија цел се почитување на човековите права, слободи и правото до пристап на квалтетно здравство, првично СЗДСМ како член на мрежата ***Отворено Владино Партнерство*** на Северна Македонија. Активно учествуваме во работата на **Алијанса на пациентски организации на Северна Македонија**

**(АПО)** каде заеднички со членките посветени за решавање на проблемите и предизвиците кои ги наметна новата состојба со пандемијата, дефинираме нови пристапи во работата при спроведување на нови активности кои ќе ја подобрат работата на алијансата, а со тоа и застапувањето на пациентите пред институциите во здравствениот системот.

**Органи на СЗДСМ**

- ***Собрание***

Собранието на сојузот, како највисок орган во 2021 година, покрај предизвикот со пандемијата се посвети на надминување на два најважни приоритети, да утврди стратешки цели и план за работа, како и и иституционално да се зајакне, со донесување на нов Статут. На седницата на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Македонија преку интернет платформа Online Собранието, се одржа на ден 26. 02. 2021г.,на кое беа обработени следните теми: Годишен Извештај за работата на СЗДСМ во 2020 година, Мислење од Надзорниот одбор за Годишната завршна сметка за 2020 година, разгледување и усвојување на Годишна завршна сметка за 2020 година, како и усвојување на Програма за работа на СЗДСМ за 2021 -2022 година. На ова Собрание полноправна одлука се донесуваше со електронско изјаснување на е-маил.

- ***Управен одбор***

Највисокиот управен орган на сојузот за постигнувања во остварување на генералните стратешки цели и здравствена пандемија COVID 19. Преку транспарентна процедура за Секретар на СЗДСМ ја избра Татјана Јордева од Скопје. На барање на членка на сојузот, БАЛАНС МК – Асоцијацијата за детски дијабетес на Македонија, на која главна цел беше разгледување на иницијатива за претставка до надлежни државни институции, како и активности за набавка на современи дигитални медицински помагала за континуирано мерење гликемија за сите лица со дијабетес, пред се системите за континуирано мерење на гликемија за 500 деца и адолесценти во државата, како и набавка на нова и иновативна терапија. Имајќи ги во предвид предизвиците за внатрешната реорганизаиција на СЗДСМ, членовите на највисокиот орган, на редовна седница усвоија нов Деловник за работа на Управен одбор, донесоа одлука за вклучување во работата на Управен одбор со 2 члена без право на глас од редот на специјалисти – ендокринолози и медицински дијабетолошки сестри, усвоени се Правила за управување со финансиски ресурси, Постапка за управување со документирани информации, Постапка за внатрешна и надворешна комуникација, Предлог – Годишен извештај за работа на СЗДСМ за 2020 година и Предлог – Финансиски извештај за работата на СЗДСМ за 2020 година. На барање на компанијата „ЖИТО ЛУКС“ АД Скопје донесена е Одлука за прифаќање на партнерска соработка со компанијата, со цел да се поддржи отпочнување на нов производ од пекарски производ - леб, наменет за лицата со дијабатес, односно дека овој производ има веќе обезбедена дозвола од Агенцијата за храна, вино и ветеринарство на РСМ, како и дека е составен со нутритивни вредности кои не дозволуваат промена на гликмија или ја одржува на нормално ниво. После првичните контакти со Менаџерот за односно со јавноста на компанијата, тие до секој член на Управниот одбор доставија еден леб како пробен производ, кој пак беше споделен со повеќе лица со дијабетес по возсраст, тип на дијабетес, како и терпијата која ја користат. Во ова истражување беа вклучени 16 лица од различни возрасти, пол, места на живеење, тип на дијабетес, секако најважното и со различни комобордитети. Од вкупниот број на лица, кои го пробаа лебот на

www.diabetes.mk; szdm.mk@gmail.com

појадок, кај само едно лице се покажало зголемување на нивото на гликемија за 1,5 единица, што вообичаено со редовен оброк без овој прозвод се покачува во просек за 3-4 единици, кај 9 лица нема покажано никаква промена на гликемијата, односно лебот не предзивика покачување. Додека кај 7 лица кои го консумирале на ручек, само кај едно дете се покажало покачување за 2 единици, што е под вообичаеното покачување за 3-4 единици со ист остаток од оброкот но без овој нов прозивод. Овие резултати од нашите членови, покажуваат дека новиот производ е сериозен предизвик во нашите животи, затоа што влијае исклучително во подобрувањето на квалитетот на живеење, кај сите лица со дијабетес, а особено ќе биде важен кај лица кои се во пред дијабетна состојба или се на таблетарна терапија. Како и донесени Политики на квалитет на СЗДСМ, Правила за судир на интереси, Постапка за управување со проекти, Правилник за регистрација на членство во СЗДСМ, воспоставување на регистер на здруженија на лица со дијабетес во СЗДСМ, Правила за Поддршка на иницијативи на здруженијата на дијабетичари за поттикнување развојни процеси во заедницата, како и одлука за издавање на простор на веб страната www.diabetes.mk. Секако, планот за одбележување на 14 Ноември – Светски ден за борба против дијабетесот беше усвоен од одборот, заедно со финалниот текст на Меморандумот за соработка со Министерството за здравство на РСМ.

- ***Надзорен одбор***

Надзорниот одбор кој брои три члена, има одржано една седница на која го разгледуваше финансискиот извештај за работата на СЗДСМ за 2020 година. Во тековната година, надзорниот одбор, заради брзата динамика на работење, е континуирано инфирмиран за усвоени буџети, нивна корекција и целосна реализација.

www.diabetes.mk; szdm.mk@gmail.com

***КЛУЧНИ ПРОМЕНИ И ПРЕДИЗВИЦИ:***

За дијабетесот, независно дали е детски или старечки, како што лаички се дефинира, односно независно дали е тип 1 или тип 2, во изминативе неколку децении не само кај нас, тука или во Европа, туку генерално во светот веќе се урнати речиси сите стереотипи, предубедувања, заблуди... Проблемот на тие "шеќерашите" стана јавен, се осозна дека дијабетесот не го бира овој или оној, и конечно луѓето почнаа да разбираат дека таа "куга" на модерното живеење опасно и интензивно се заканува. Во државата, скоро да нема седмица националните медиуми да не обработуваат тема за дијабетесот, на социјалните мрежи една од водечките теми во дискусии, групи и страни е Дијабетесот, со овие аргументи се исполнува императивот - да се намали бројот на пациенти со комобордитети и да се заштити населението од ширење на пандемијата од COVID 19.

СЗДСМ обезбеди функционална организација на здруженија на граѓани, со силен демократски капацитет со гарантирана транспарентност, отчетност и одговорност, обединување, со нов предизвк за учење низ работа и подложност на динамика и промени. Оваа година се заокружува целосната функционална внатрешна структура, каде секоја инцијатива и/или предлог ќе биде брзо ефективно и ефикасно разгледана и по можност спроведена. Покрај пациентите, ја одржавме и мрежата на здруженија и иницијативи во повеќе општини низ државата, се со цел да бидеме присутни и поблиску до секој пациент. Сериозното делувањето на СЗДСМ придонесе, за пациентите со инсулинска терпаија, следните години да ја примаат најсовремената иновативна терапија и да се покаже преваленца на пад на растот на дијабетесот во државата. Но затоа ќе се посветиме за заокружување на најсоверемен менаџмент на дијабетес да се оствари со набавка на современи дигитални медицински помагала за континуирано мерење гликемија за сите лица со дијабетес, пред се системите за континуирано мерење на гликемија за 500 деца и адолесценти во државата. За СЗДСМ највисок приоритет кон државата, ќе биде кампањата за застапување за усвојување на првиот Акциски годишен план за реализација на Националната програма за дијабетес, и да се доформулира единствениот Национален регистер на дијабетичари.

***Претседател на СЗДСМ: Димче Велев***

***Управен одбор на СЗДСМ:***

1. ***Лидија Дамјанова - Потпретседателка***
2. ***Биљана Солунчевска***
3. ***Јордан Синадинов***
4. ***Владо Златковски***
5. ***Драган Станковски***
6. ***Воислав Јовановиќ***
7. ***Душко Игневски***

***Секретар на СЗДСМ: Татјана Јордева***

***Надзорен одбор на СЗДСМ:***

1. ***Тони Митев – Претседател***
2. ***Мирјана Димеска - членка***
3. ***Иво Дукоски – член***

www.diabetes.mk; szdm.mk@gmail.com

***СОБРАНИЕ на СЗДСМ:***

1. Здружение на дијабетичари - Струга
2. Здружение на дијабетичари на Општина Охрид
3. Здружение на дијабетичари – Тетово
4. Здружение на дијабетичари – Гостивар
5. Здружение на лица со дијабетес „Алегрија“ – Скопје
6. Здружение на дијабетичари – Куманово
7. Здружение на дијабетичари на Делчево и Македонска Каменица
8. Здружение на дијабетичари – Пробиштип
9. Здружение на дијабетичари „Дијабетичар ИНС“ - Штип
10. Здружение на дијабетичари – Кочани
11. Здружение на дијабетичари на Радовиш, Подареш и Конче
12. Здружение на дијабетичари „Силна надеж“ – Свети Николе
13. Здружение на дијабетичари „Гликоза“ – Струмица
14. Здружение на дијабетичари „Сончева светлина“ - Демир Хисар
15. Здружение на дијабетиари на Општина Битола
16. Здружение на дијабетичари „Светлост за нас“ – Прилеп
17. Здружение на лица со дијабетес „Шеќерче – Lollipop“ - Велес
18. Здружение на дијабетичари – Неготино
19. Здружение на дијабетичари – Кавадарци
20. Здружение на лица со дијабетес „Дијабет ПОЛОГ“ - Тетово
21. БАЛАНС МК – Асоцијација за детски дијабетес на Македонија
22. Здружение на лица и деца за дијабет Тип 1 „Искра“ – Битола
23. Здружение на граѓани со дијабетес на општините Гевгелија, Богданци и Дојран
24. Здружение на дијабетичари – Берово
25. Здружени за заштита и едукација на дијабетичари „БУВ“ - Скопје